**Извештај од Форумот за утврдување на приоритети за работата на ЛЕСС на Општина Демир Хисар**

Локалниот економско-социјален совет (ЛЕСС) на Општина Демир Хисар на 28.09.2023 година (четврток), организираше Форум за утврдување на приоритети за работата на Локалниот економско-социјален совет на Општина Демир Хисар. Настанот се одржа во Ресторан Горна куќа во село Слепче. На Форумот присуствуваа 25 учесници, претставници на ЛЕСС, локалната самоуправа, месни заедници, Домот на култура, Агенција за вработување, инспекторати, советници во Советот на Општината и претставници на бизнис секторот.

Во воведното обраќање на форумот Катица Михајловиќ, во улога на модератор даде воведно излагање за темата социјален дијалог. Објасни дека социјалниот дијалог овозможува сите конфликтни интереси и прашања помеѓу владите, работодавачите и работниците да се регулираат и утврдат со консензус. Социјалниот дијалог се однесува на прашања од областа на работни односи, фискални и даночни мерки, здравствена заштита, образованието, мерки за ублажување на последиците од економските кризи и сл.

Во нашата земја, социјалниот дијалог е институционализиран преку Економско-социјалниот совет (ЕСС) на национално ниво и Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС).

Процесот на развивање на социјалниот дијалог на локално ниво и формирање на локални економско-социјални совети е иницииран од Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) и од донаторски програми кои што имаа за цел да го поддржат социјалниот дијалог. Посочив дека досега се формирани 15 (петнесет) ЛЕСС и дека имаат различно ниво на ангажман и иницијативи во извршување на нивната консултативна и советодавна улога во процесот на креирањето на локалните политики. Со формирањето на ЛЕСС Демир Хисар во јуни оваа година, сега бројот е заокружен на 16. Важна е поддршката што ја дава Меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска преку проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата“ спроведуван од Младинскиот културен центар од Битола, во обезбедување поддршка во работата и зголемување на видливоста на ЛЕСС во општините.

Присутните беа информирани дека ЛЕСС како консултативно-советодавно тело разгледува прашања и дава мислења, предлози и препораки до Градоначалникот, Советот на општината и други органи за прашања од економско-социјалната сфера. Од специфичен интерес на ЛЕСС се економската политика на општината, политиките за вработување, вработување на младите и зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на локалниот деловен сектор и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем, политиките за цени и плати, безбедност и здравје при работа.

Воведни обраќања на Форумот, имаа Градоначалникот на Општина Демир Хисар Никола Најдовски; Членот на Советот Аце Јанкуловски; и Претседавачот на ЛЕСС Демир Хисар Ненад Шундовски.

Градоначалникот Никола Најдовски, во своето обраќање истакна дека со ваквиот интерактивен модел на работа, непосредно се поттикнува и развива социјалниот дијалог помеѓу социјалните партнери и усогласувањето на нивните различни ставови и интереси на локално ниво, односно усогласување околу битни економско-социјални прашања од делокругот на локалната самоуправа, а што, всушност, се основа во остварувањето и имплементирањето на целите на ЛЕСС.



*Сл. 1 Обраќање на Градоначалникот на Општина Демир Хисар*

Членот на Советот Аце Јанкуловски го поздрави формирањето на ЛЕСС како консултативно и советодавно тело на Градоначалникот и Советот и истакна дека очекува поголема соработка во иднина помеѓу ЛЕСС-от и Советот за прашања од социо-економски домен во општината.

Претседавачот на ЛЕСС Демир Хисар, Никола Шундовски, го претстави процесот на формирање на ЛЕСС, како иницијатива на локалниот бизнис сектор, затоа што проблемите на бизнис заедницата во општината не биле соодветно адресирани. Шундовски ја презентираше структурата на ЛЕСС – по тројца претставници од работодавачи, тројца претставници од синдикатите и тројца претставници од локалната самоуправа. Во проширениот состав на ЛЕСС влегуваат и претставници на Центарот за социјална работа, Агенцијата за вработување, УЈП и месни заедници. Шундовски информираше дека претставници на ЛЕСС Демир Хисар веќе учествувале на средби за вмрежување со ЛЕСС-ови од други општини. Шундовски го гледа ЛЕСС-от како тело коешто ќе биде активно во креирање на овозможувачка средина за економски раст на општината и активно ќе учествува во креирањето на буџетот на Општина Демир Хисар.

По претставувањето на учесниците на Форумот, следеше дискусија околу репрезентативноста на самиот Форум и потребата да се вклучат повеќе претставници на бизнис заедницата, посебно жени претприемачки. Од страна на Шундовски беше одговорено дека преку Форумот се обезбедува рамноправен третман на сите засегнати страни и дека во понатамошниот процес при изработка на Акцискиот план за работа на ЛЕСС, ќе се настојува во што поголем број да се вклучат работодавачите и работниците и сите останати сектори.

### 3.1 Утврдени приоритети на ЛЕСС на Општина Демир Хисар

По кратка консултација со учесниците на Форумот, беа утврдени 3 (три) приоритетни области за работа и утврдување на приоритетни активности за понатамошен ангажман на членовите на ЛЕСС Демир Хисар. За поефикасна работа и соодветен придонес во работата, учесниците беа поделени во 3 групи, согласно трите области за интервенција.



*Сл. 2 Работа во групи по приоритети*

Приоритетите во областа образование и млади беа утврдени врз основа на идентификуваните проблеми. Проблемите во оваа област се бројни: Иселување на млади; Недостиг на ученици во средно образование, поради продолжување со образование во Битола; Недостиг на образовен кадар; Недостаток на учебници; Лоша состојба на подрачните основни училишта во општината.

| **Приоритетна област 1: Образование и млади** |
|---|
| Предлог активности: |

| | |
|---|---|
| 1.1 | Воведување нови програми/струки во средно образование (туризам, медицина). |
| 1.2 | Субвенции за учениците во средно образование. |
| 1.3 | Субвенции за практиканти. |
| 1.4 | Преку СОНК да се адресира проблемот со недостаток на учебници. |
| 1.5 | Отворање на нова паралелка за медицина во рамки на средно училиште (изработка на анкета во 8 и 9 одделение во основните училишта) за да се утврдат интересите на учениците. |
| 1.6 | Активирање на Совет на Млади. |
| 1.7 | Креирање Буџет за Млади. |
| 1.8 | Субвенционирање, обезбедување поволности за приватни фирми за млади (преку ЛС и Агенција за вработување). |
| 1.9 | Инкубатори за млади претприемачи. |
| 1.10 | Иницијатива за зголемување на финансиски средства на училишта ЛС + МОН. |

Инфраструктурата и туризмот се области во коишто општина Демир Хисар има многу културни ресурси и автентичност на руралната средина коишто не се искористени и промовирани. Пристапноста на туристичките содржини и квалитетот на сообраќајниците, претставува исто така проблем. Областа заслужува особено внимание и искористување на сите ресурси за развој.

| **Приоритетна област 2: Инфраструктура и туризам** | |
|---|---|
| Предлог активности: | |
| 2.1 | Иницијатива за патно и оптичко поврзување со општина Ресен преку Смилево. |
| 2.2 | Донесување на урбанистички планови за руралните населени места со цел привлекување инвеститори во руралниот туризам. |
| 2.3 | Изработка на проект за изградба на пешачки и велосипедски патеки. |
| 2.4 | Изработка на проекти за спортски терени во поголемите населени места (Сопотница, Слепче, Суводол, Кутретино). |
| 2.5 | Реконструкција на локалните патишта и мостови (чистење и тековно одржување). |
| 2.6 | Поставување спомен обележја на историски места. |
| 2.7 | Холтикултурно уредување на ул.Битолска Д.Хисар. |
| 2.8 | Решавање на проблемот со дивите депонии и чистење на локалните места. |
| 2.9 | Формирање на локален туристички центар. |
| 2.10 | Иницијатива за формирање Музеј на радиото во Демир Хисар. |

Приоритетната област 3, беше од посебен интерес за присутните на Форумот посебно во делот на донесувањето на ДУП и ГУП за Општината. Имено, овие планови се стари веќе 30 години и не го одразуваат развојот на Општината. Градоначалникот, елабориpermitted ше во однос на проблемот, одењето во пензија на единствениот урбанист во Општината и немањето замена поради

неатрактивност на позицијата и ниската плата. Има контакти со Министерство за транспорт и врски, за надминување на проблемот, но сѐ уште нема решение.

Претставниците на бизнис заедницата, апелираа за што побрзо решавање на проблемот, нивно вклучување за надминување на истиот и истовремено предложија за време на наредните средби за вмрежување на ЛЕСС-овите, тема за дискусија и размена на информации и пракса да биде токму проблемот со ДУП-овите на општините.

| **Приоритетна област 3: Поддршка на локалниот бизнис сектор** | |
|---|---|
| Предлог активности: | |
| 3.1 | Преземање иницијатива за поддршка и отворање на “селски кооперации“. |
| 3.2 | Организација на панел дискусии помеѓу бизнис заедницата, синдикати, државни институции и граѓани за актуелни социо-економски прашања во општината. |
| 3.3 | Проследување на информации за активни мерки и програми од страна на АВРМ до ЛЕСС. |
| 3.4 | Проследување на информации од страна на Трудовиот инспекторат до ЛЕСС по однос регулативата за работни односи и безбедност при работа. |
| 3.5 | Вклучување на ранливи категории (долгорочно невработени, самохрани родители) во пазарот на трудот. |
| 3.6 | Утврдување на дефицитарни кадри во одредени области и преквалификација и доквалификација на кадар. |
| 3.7 | Учество на бизнис секторот при креирањето на буџетот на Општината. |
| 3.8 | Иницијатива за изградба на инфраструктура во индустриска зона во Демир Хисар. |
| 3.9 | Преземање мерки за поскора изработка на спроведување на ДУП и ГУП. |
| 3.10 | Иницијатива за измена на законски решенија за цел легализација на дивоградби изградени како резултат на нефункционален и застарен ГУП и ДУП. |
| 3.11 | Иницијатива за формирање на тело во рамки на Општината за иницирање и развој на проекти за искористување на ЕУ фондови. |

На крајот од Форумот, беше утврдено дека приоритетните активности ќе бидат предмет на поширока јавна дискусија и вклучување на што повеќе засегнати страни. Овој процес понатаму ќе води кон изработка и донесување на Акциски план за работа на ЛЕСС Демир Хисар за наредниот период.

### 3.2. Заклучоци и препораки:

- Иако новоформиран ЛЕСС Демир Хисар, се чини дека членовите се свесни за мандатот и функцијата што ја има ова тело во поттикнувањето на социјалниот дијалог.

- Се очекува дека сепак работодавачите ќе ја имаат иницијативата во организацијата и работата на ЛЕСС.
- Проблемите од социо-економска природа со кои се соочуваат повеќето општини се исто така карактеристика и за Демир Хисар со некои специфики посебно во делот на инфраструктурата и урбанизацијата. Овие прашања се од особен интерес за ангажман на ЛЕСС.
- При процесот на подготовка на Акциски план за работата на ЛЕСС за наредниот период, да се направат дополнителни консултации со засегнатите страни.
- Членовите на ЛЕСС имаат потреба од размена на пракса и поддршка од други ЛЕСС-ови посебно во делот на воведување нови програми/струки во училиштата и урбанистичкото планирање.